ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

**БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

**ЈУЛИ – АВГУСТ 2018**

## ЦУК и ЈП Македонски Шуми во работна посета на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA)



**Центарот за управување со кризи и ЈП Македонски Шуми во соработка со Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), започнаа со имплементација на Проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина, преку одржливо управување со шумите. Времетраењето на овој проект е пет години, од 2017 до 2022 година. Основната цел на овој проект е да се развие модел на Екосистемски-базирано намалување на ризиците од катастрофи (Eco-system based Disaster Risk Reduction - ECO-DRR) во Република Македонија против природни непогоди, преку употреба на повеќекорсничката намена на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна функција. Крајната цел на проектот е, на долгорочна основа да се намалат ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари.**

**Во рамките на работната програма на овој проект, во период од 22 јули до 02 август 2018 година беше реализирана посета на Јапонија од страна на 5 лица од Центарот за управување со кризи и ЈП Македонски Шуми, предводена од директорите на двете институции, г-дин Агрон Буџаку и г-дин Зоран Ѓорѓиев. Целта на оваа работна посета беше преку посебна програма за обуки да се разменат искуства и добри практики од значење за проектот, како и да се остварат контакти и средби со релевантни институции од Јапонија кои ќе имаат своја вклученост во реализацијата на проектните активности кои треба да се имплементираат во Р. Македонија во периодот до 2022 година.**

**На почетокот од работната посета, претставниците од Р. Македонија беа примени од страна на Заменик претседателот на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), г-дин Маеда Шигеру и од Генералниот директор на Агенцијата за шуми на Јапонија, г-дин Коџи Хонго. Во понатамошниот дел програмата беа остварени предавања во врска Еко-ДРР концептот од страна на релевантни високо научни установи, како што Националниот институт за развој на шумарството и Универзитетот во Кјото. Исто така беа реализирани теренски посети со обсервации на реализирани и тековни активности на еко-инженерски мерки со цел да се превенираат и намалат ризиците од геолошки карактер, како ерозија на почвата, свлешишта и поројни поплави.**

**На крајот од реализацијата на оваа програма беше одржан состанок за заедничка евалуација на вклучените теми и активности, каде од двете страни беше заклучено дека оваа можност директно да се согледаат искуствата и методите кои се применуваат во Јапонија ќе бидат од голема корист во текот на имплементацијата на Проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина, преку одржливо управување со шумите.**

# Работилница за намалување на ризици од поплави на течение на р. Црн Дрим - Дримскиот басен во Тирана







Од 25 до 27. 06. 2018 година, претставник на Центарот за управување со кризи на Република Македонија, Душко Петровски учествуваше на работилницата „Управување со поплави“, која се одржа во Тирана, Република Албанија. Истата беше посветена на намалување на ризици од поплави на течение на р. Црн Дрим - Дримскиот басен. На последниот ден од работилницата беше и директорот Агрон Буџаку, кој оствари средба и работен состанок со одговорниот регионален проект менаџер од ГИЗ г-динот Gerrit Bodenbender, како и размена на мислења за можните наредни активности и реализација на овој проект.

На работилницата одржана во рамките на мултилатерална соработка на земјите од регионот, учествуваа претставници од Р. Македонија, Р. Албанија, Р. Косово и Р. Црна Гора, а целта беше подобрување на меѓусебната и меѓуграничната соработка на полето на управување со состојби и можни поплави предизвикани од р.Дрим и сите нејзини притоки од Р.Албанија, каде извира оваа река до нејзиното вливање во Јадранското Море во Р.Црна Гора.

Истовремено, на работилницата кој ја водеше експертот Peter Heiland, учесниците беа запознати со EU-Floods Directive (FD), обезбедување на заедничка соработка помеѓу сите земји од Дримскиот регион. Самата директива има за цел да даде осврт кон намалувањето на штетните влијанија и последици од појавата на поплави предизвикани од различните фактори. Исто така беше разговарано за имплементација на оваа Европска директива од страна на сите засегнати земји. Беше разговарано за потребата од изработката на план за управувањето со ризици и пополави Plan Flood Risk Assesment (PFRA).

Во текот на работилницата беа разгледани можностите за зајакнување на соработката помеѓу сите овие земји во сите три фази: фазата на превенција и превентивни активности кои треба да се преземат од страна на сите засегнати земји, фазата на раното предупредување, фазата на управување со настанати опасности поплави како и фазата на надминување на последиците и меѓусебна помош на засегнатите земји.

## Посетени населените места во Македонски Брод кои минатата година беа зафатени со пожари



18 Јули 2018 - Работна група од претставници на Регионалниот штаб за управување со кризи на ПО РЦУК – Македонски Брод изврши посета на населените места кои беа зафатени со пожари минатата година, како и други населени места (Битово, Растеш, Требовље, Белица, Црешнево, Близанско, Грешница, Слатина, Локвица, Томоно село, Тополница, Манастирец, Бенче, Звечан и Самоков).

Целта на посетата беше укажување на месното население со опасностите од пожар и превземање на потребните превентивни мерки за заштита од шумски пожари и пожари на отворен простор.

При посетата на населените места работната група изрази посебна благодарност на месното население за нивното максимално ангажирање во локализирање на пожарите минатата година и за одличната соработка со ПО РЦУК Македонски Брод и останатите субјекти вклучени во СУК.

## Одржана седница на Регионалниот штаб во Ресен



На 13 август 2018 година во просториите на РЦУК Ресен се одржа редовна седница на Регионалниот штаб - Ресен, за подготвеноста на субјектите на системот за управување со кризи за превенција и справување со пожари во претстојниот период.

На седницата беа донесени следните заклучочи:

1. Се задолжуваат сите субјекти учесници во системот за управување со кризи да обезедат меѓусебна подготвеност, соработка, комуникација, координација при превенција, и при справувањето со шумски и други пожари на отворен простор, истите да постапуваат согласно утврдените стандардни оперативни процедури при локализирање на пожари во претстојниот летен период.
2. Активно вклучување на локалната самоуправа и останатите субјекти во СУК во планска и долгорочна стратегија за справување со пожар и последиците од таа појава. Информирање од страна на ЕЛС – Општина Ресен до месните совети (заедници) за важноста од превенција и заштита од пожари, и за последиците од пожари на отворен простор.
3. ЈП. „Преспадрво“ - Ресен, Н.П. „Галичица“ и Н.П. „Пелистер“ да постапуваат согласно нивните оперативни планови за дејствување при настанати пожари.
4. ОВР-Ресен да ги следат состојбите на терен за превентивно делување и откривање на евентуални подметнувачи на пожари. Вклучување на советодавна група на граѓани за пожари на реон с. Подмочани до Маркова Нога.
5. Да формираат потребен број на мобилни екипи за локализирање гаснење на шумски пожари и земјоделски посеви.

## Одржана седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево



На 15.08.2018 година се одржа 40 седница на Регионалниот штаб за управување со кризи Кичево. Покрај членовите на регионалниот штаб на седницата присуствуваа и претставници од ТППЕ Кичево и касарната Кичево.

Раководителот Сузана Тасевска истакна дека при пожарите најважна е превенцијата. Врз осонова на дискусиите се донесе заклучок да тим од регионалниот штаб изврши посета на населените места каде во минатото најчесто се јавувале пожари на отворен простор и да одржи состанок со месното население.

## Интензивни врнежи од дожд 10.7.2018

**На ден 07.07.2018 година општината Могила беше зафатена со невреме проследено со град. Предизвикана е штета на земјоделските насади а најмногу на тутунот. Пријави за штети има од населените места Српци, Беранци и Вашарејца. Од ЕЛС Могила формирана е комисија за проценка на настанатите штети.**

**На ден 09.07.2018 година општина Ресен беше зафатена од силно невреме проследено со пороен дожд и град со големина на пченка. Подетални информации за невремето и евентуалните предизвикани штети ќе има во текот на денешниот ден.**

**На ден 07.07.2018 година општина Струмица беше зафатена од невреме проследено со интензивни врнежи од дожд, град и силен ветар. Најпогодени се следните населени места: с.Дабиле, с.Сачево и с.Муртино. Од 09.07.2018 година оштетените граѓани започнаа да поднесуваат барање за проценка на штета од невремето.**

## Невреме на подрачјето на Скопје

**Како последица на невремето што го зафати подрачјето на Скопје на 15.07.2018 во текот на попладневните часови и беше проследено со силен ветар, имало неколку пријави од страна на граѓани за настанати штети кои биле проследени до надлежните институции и во краток временски период биле санирани. Истите се однесувале за оштетување на електрични водови и паднати дрва кои го попречувале сообраќајот.**



## Пронајден француски државјанин кој се загубил на Пелистер

**Во текот на вчерашниот ден (15.07.2018), околу 19:25 часот СВР Битола примила дојава за загубен француски државјанин во реонот на Големо Езеро на Пелистер. Запознаени биле сите надлежни институции. Екипа на ДЗС Битола околу 20:10 часот излегла на терен во потрага по изгубеното лице. Истото било пронајдено во контактибилна состојба, и околу 00:30 часот донесено во Битола.**

## Невреме во Прилепско и Дебарско

**Во текот на вчерашниот ден (23.07.2018), како резултат на невремето кое ја зафати општина Прилеп, најмногу штета е причинета од с.Мало Коњари према Кадино Село, како и с.Големо Коњари. Во општина Кривогаштани најмногу штета од невремето е причинета во с.Славеј и Врбјани. Во општина Долнени веќе имало пријави за настанати штети од град во с.Заполжани, Ново Селани, Житоше и Лажани.**

**Во текот на вчерашниот ден (23.07.2018), во период од 11,00 до 12,00 часот регионот на Општина Дебар и Центар Жупа беа зафатени од невреме со врнежи од дожд, град и грмотевици. Особено беа зафатени селата Косоврасти, Могорче и Лазарополе каде паѓаше град со големона од 1см. До РЦУК Дебар освен штети на земјоделски посеви не се пријавени други штети.**

## Авионска дезинсекција на подрачјето на град Скопје



Од Град Скопје – Сектор за Комунални Работи известуваат дека авионската дезинсекција на подрачјето на Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе се изврши на 21.07.2018 (сабота) и 22.07.2018 (недела), во раните утрински часови. Терестичната дезинсекција, на подрачјето на Скопје, против возрасни форми на комарци, ќе започне на 22.07.2018 и ќе заврши на 26.07.2018 (од недела до четврток), во периодот од 23.00 до 04.00 часот, наредниот ден. Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата,авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција. Се известуваат пчеларите навремено да ги преземат потребните мерки за заштита на пчелите.

## Најава за нестабилно време 30.7.2018

**Од УХМР известуваат дека во 13:45 часот, од северозапад кон југ и југоисток преку делови од Полог и Скопската Котлина се преместија повремено поројни врнежи од дожд и грмежи, проследени со засилен ветер. Нестабилност има и во источните делови во планинските подрачја, а најинтензивно јадро има во подрачјето на Кочани и Виница. Движењето на процесите е претежно од север кон југ.**

**Време 14:05 часот: Силно изразена нестабилност со многу интензивен пороен дожд и силен ветер во моментов има во југоисточните делови на Скопската Котлина. Се уште е активно јадрото во Кочани, а нестабилно е и на Китка, како и источно од Пелагонија.**

## Измена за најавата против прскање на комарци 09.8.2018

**Град Скопје ги известува жителите дека дојде до измена на планираната дезинсекција против возрасни форми на комарци и тоа:**

1. **Авионска дезинсекција против возрасни форми комарци наместо на 11 и на 12 август – (сабота и недела) ке започне на 10.08.2018 (петок) и ке трае до 13.08.2018 година (понеделник) во раните утрински часови.**
2. **Терестична дезинсекција против возрасни форми комарци наместо од 12 до 16 август (од недела до четврток) ке се спроведе од 13 – 17.08.2018 (од понеделник до петок) во периодот од 23:00 до 04:00 часот наредниот ден.**

**Ако временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекција, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни во истиот термин, а согласно тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.**

**Се известуваат пчеларите навремено да превземат мерки за заштита на пчелите.**



## Почесна артилериска стрелба по повод „18-ти Август – Ден на АРМ“

**Од Министерството за одбрана известуваат дека по повод „18 - ти Август - Ден на АРМ“, на ден 17.08.2018 година, од касарната „Илинден“ - Скопје, во време од 15:00 до 18:00 часот, ќе се изврши пробна артилериска стрелба со истрел од 1 плотун од 6 артилериски арудија. Истиот ден, во време од 19:00 до 19:30 часот ќе се изврши почесна артилериска стрелба со истрел од 10 плотуни од 6 артилериски орудија (хаубици 105 мм).**

## Невреме го зафати град Охрид

**ЦУК, 18.08.2018 - Во текот на вчерашниот ден (17.08.2018), околу 14,30 часот, градот Охрид го зафати невреме со поројни врнежи од дожд, засилен ветар, а на одредени делови од градот забележени се и врнежи од град. На тел.бр.195 имаше четири пријави на граѓани за поплавени дворни места, подрумски и стамбени простории. За настанатата состојба беа известени надлежните служби во Локалната самоуправа за да се превземат соодветни активности за нормализирање на сосотјба. Невремето со променлив интензитет траеше околу еден час при што следеше стабилизација на временската состојба.**

## Планинар од Хрватска со влошено здравје транспортиран во здраствена установа во Скопје

ЦУК, 23.08.2018 - Во текот на вчерашниот ден, РЦУК Тетово добил повик за помош од планинарско друштво кое ги известило дека на местото викано Кобилово Поле на територијата на ЕЛС Маврово-Ростуше имало група на планинари, односно туристи од Република Хрватска и дека на еден од планинарите кој бил дијабетичар му се влошила здравствената состојба и дека им е потребна итна помош. По добиениот повик веднаш биле известени надлежните институции и лицето со влошена здраствена состојба со хеликоптер на МВР, околу 19:45 часот е пренесено во здравствена установа во Скопје.



## Надојдената вода поплави станбени и други објекти во с. Возарци 27.08.2018



ЦУК, 27.08.2018 - По интензивните врнежи од дожд кои го зафатија подрачјето на општина Кавадарци во текот на ноќта и утрово, настанато е поплавување на 6 стамбени и други објекти и површини со земјоделски култури. во село Возарци. Од раните утрински часови на терен е екипа од ТППЕ Кавадарци која врши испумпување на водата од поплавените објекти, а ЈП Комуналец Кавадарци има доставено песок за правење на одбрамбен насип за заштита од поплави. Исто така, Општина Кавадарци има обезбедено 100 вреќи за песок и на терен се испратени преставници од институциите за да се изврши увид на состојбата и за да се преземат мерки и активности за надминување последиците од надојдената вода.

## Воз на релација Гевгелија – Скопје удрил во група мигранти

ЦУК, 30.08.2018 - Во раните утрински часови околу 04:50 часот на релација на пругата Гевгелија – Скопје кај населено место Смоквица дојдено е до железничка несреќа, каде што воз удрил во група од неколку илегални мигранти кои се движеле по самата пруга. Повредени биле двајца мигранти од кои еден од мигрантите од групата е починат на лице место, а другиот мигрант давал знаци на живот и со возило на брза помош е префрлен во болница на понатамошен третман.



Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. mail@cuk.gov.mk